PROREADY

Ready To Use Culture Media

CE IVD

# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА (МАК)

## Schaedler Agar Plate w/ Sheep Blood

Подлога за енумерација на различни аеробни и анаеробни бактериски видови присутни во гастроинтестиналниот тракт.

### Опис на пакување:

| Шифра на производ (пакување) REF | Опис | Примарна шифра за пакување: | Големина на пакување |
|---|---|---|---|
| PRM291BV20 | Подлогата е излиена во петриеви плочи од ø90 | PRM291B | 20 |
| PRM291BV60 | | | 60 |
| PRM291BV240 | | | 240 |
| PRM291BM40 | Подлогата е излиена во петриеви плочи од ø50 | | 40 |

### Упатства

Под асептични услови инокулирајте ја плочата со метод на површинско садење.

### Принцип и Интерпретација

*Schaedler Agar* најпрво го формулирал *Schaedler et al.* (1) а потоа го модификувал *Mata et al.* (2) со промени во формулацијата (3) за култивација и енумерација на аеробните и анаеробните микроорганизми.

*Schaedler Agar* дополнет со витамин К1 и 5% овча крв се користи за закрепнување на захтевните анаеробни бактерии, како што се оние од родот *Bacteroides*. Вклучувањето на колистин и налидиксинска киселина во формулацијата (*Schaedler CNA Agar*) заедно со 5% овча крв, подлогата се користи за селективна изолација на анаеробните Грам-позитивни коки (4), *Peptococcus* и *Peptostreptococcus* видовите.

*Schaedler Agar* служи како одлична базна подлога, и со додаток на крв и средство за збогатување се подобрува закрепнувањето на многу захтевни анаеробни организми.

Комбинацијата на ензимски хидролизат на казеин, протеозен пептон и папаински хидролизат на соја, екстракт од квасец и Л-цистин ги обезбедува азотните фактори за раст, витамините и други есенцијални хранливи материи. Декстрозата служи како извор на енергија. Хеминот и овчата крв стимулираат раст на захтевните организми и стимулираат раст на други *Bacteroides* видови и Грам-позитивни спорогени бактерии (5). Витаминот К1 овозможува култивација на *Bacteroides melaninogenicus* (9) и стимулира раст на други *Bacteroides* видови и Грам-позитивни спорогени бактерии (5).

### Контрола на Квалитет

Податоците и резултатите од контролата на квалитетот се дадени во сертификатот за анализа, за секоја серија.

### Чување и Рок на употреба

Да се чува на температура од 2-8°C. Да се употреби пред истекот на датумот означен на налепницата.

### Мерки на Претпазливост

Овој производ не содржи опасни супстанци во концентрации кои се над пропишаните граници одредени со важечки законски регулативи, и затоа не е класифициран како опасен. Сепак, се препорачува да се постапува по упатствата наведени во безбедносниот лист за правилна употреба. Овој производ е наменет исклучиво за употреба во лабораториски услови, од страна на професионално обучен персонал. Не го употребувајте производот доколку примарното пакување е оштетено или производот не одговара на наведените карактеристики.

### Отстранување на Отпад

Отстранувањето на отпадот мора да биде во согласност со важечките национални и локални регулативи. Секоја лабораторија е одговорна за ракување и отстранување на отпадот кој се создава во текот на работењето.

### Симболи користени на етикети

| | | | |
|---|---|---|---|
| CE | Ознака за Европска Сообразност | ↑↑ | Оваа страна нагоре |
| IVD | Ин витро дијагностичко медицинско средство (IVD) | REF | Каталошки број |
| ☼ | Да не се изложува директно на сончева светлина | LOT | ЛОТ број |
| i | Консултирајте го упатството за употреба | ⌛ | Рок на употреба |
| ⊘ | Не употребувајте повторно | 🌡 | Ограничување на температурата |
| Σ | Големина на пакување | 🏭 | Производител |
| EC REP | Ovlašćeni predstavnik u Evropskoj uniji | | |

| | |
|---|---|
| EC REP | Salus Cons kft. 6722 Szeged, Bécsi krt 23, HUNGARY<br>e-mail: office@saluscons.com |

### Литература


1. Schaedler R.W., Dubos R. and Castello R., 1965, J. Exp. Med., 122:59.
2. Mata L.J., Carrillo C. and Villatoro E., 1969, Appl. Microbiol., 17:596.
3. MacFaddin J., 1985, Media for Isolation-Cultivation-Identification-Maintenance of Medical Bacteria, Vol.I, Williams and Wilkins, Baltimore.
4. Finegold et al, 1974, Manual of Clinical Microbiology, 2nd ed., Lennette and others (Eds.), ASM, Washington, D.C.
5. Gibbons R. J. and MacDonald J. B., 1960, J. Bacteriol., 80:164.


Носител на решение за запишување во Регистарот на Медицински средства и Дистрибутер за Република Северна Македонија:


**АДРИАМЕД ДОО**
ул. Виктор Иго бр. 4, 1000 Скопје
тел. +389 2 3229-600; +389 2 3229-611
e-mail: adriamed@adriamed.com.mk
www.adriamed.mk